НАЦИОНАЛНИ ШУМИ
во партнерство со природата

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
www.mkdsumi.com.mk
Бр./Nr. 03-2/2-1
18-03-2024 20___ год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Миле Анастасов, Проектен Координатор на Еко-Живот од Кавадарци
[mikoanastasov@yahoo.com]

**Предмет: Достава на информација од јавен карактер**

Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми ,,Национални шуми,,- Скопје, во врска со Вашето Барање бр. 03-1/2 од 13. 03. 2024, а согласно член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а согласно член 24 точка 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер: **Врз основа на Вашето барање за информации од јавен карактер Ви ги доставуваме следните одговори:**

***1.Што се презема во овие моменти за да се заштитат нашите шуми од боровиот четник?***

Секторот Заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола при Јавното претпријатие Национални шуми, односно одговорните лица – шефовите по заштита и екологија во 30 подружници со кои стопанисува Јавното претпријатие, редовно ја следат здравствената состојба на шумите и два пати годишно (пролетен и есенски аспект) изготвуваат Извештаи за појава и присуство на растителни болести и штетни инсекти. Извештаите од терен подружниците ги доставуваат до Известувачко-дијагнозно прогнозна служба во шумарството – Катедрата за заштита на шумите и дрвото на Шумарски факултет – Скопје (ИДП служба).

ИДП службата изготвува Годишен извештај за состојбата на растителните болести и штетници во природните и новоподигнатите насади во РСМ каде во зависност од интензитетот на напад и големината на нападнатата површина се предвидуваат превентивни мерки на контрола. Една од тие мерки е динамиката на роење на боровиот четник во културите од црн бор со поставување на феромонски ловки за ловење на мажјаци.

*2. Кои мерки се преземени и во иднина што се планира да се преземе?*

Во моментот се препорачува да се продолжи со мониторингот, односно , да се следи состојбата со популационата застапеност на гасениците од боровиот четник.

А во иднина согласно интензитетот на нападот и големината на нападнатата површина се препорачуваат соодветни мерки.

*3. Кои методи се користат за заштита од боровиот четник?*

Методи кои се користени и кои се користат за заштита од боровиот четник се: механичко чистење и авиотретирање.

"Пиво Након" Бр.128; 1000 Скопје Р.С.Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

Со механичкото чистење на поединечни стебла и и група на стебла не се постигнуваат очекуваните резултати, додека пак авиотретирањето е премногу скапо а средствата за истото се издвојуваат од МЗШВ преку програмата за Проширена репродукција.

***4.Колку средства има Јавното претпријатие Национални Шуми издвоено за прскање на боровиот четник, се со цел да се стави контрола врз штетникот?***

Потенцираме дека за прскањето - авиотретирањето на боровиот четник средствата се дефинирани преку програмата за Проширена репродукција од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

***5. Дали вие како претпријатие имате во план други методи коишто би се употребиле во борбата против боровиот четник?***

На тема Биолошка борба против шумски болести и штетници (инсекти) - се планира обука на дел од вработените која во соработка со МЗШВ се организира во Турција.

За дополнителни информации ви стоиме на располагање.

Со почит,

Изработил Фатима Шкријељ

Контролирал Борис Пешевски пом.дир.

**ЈП "Национални шуми" – Скопје**
**Службено лице**